# З А П И С Н И К
**од Осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.9.2018 година**

**Скопје, октомври 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 18.9.2018 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Драги Рашковски, генералниот секретар на Владата на Република Македонија и заменикот на генералниот секретар Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, како и д-р Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески,

министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 87-та седница на Владата, одржана на 6.9.2018 година

- Усвојување на Записникот од 88-та седница на Владата, одржана на 11.9.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за Програмите на Унијата за 2017 година
- Статус на реализација на Рамковниот договор

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат

2. Информација за фискални импликации и за дополнителни средства од буџетот на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2018 година и потребни средства за 2019 година, со цел реализација на Акциски план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација на Република Македонија и очекувани зголемувања на приходите, со Акциски план

3. Барање за добивање на согласност за спроведување на постапка за продажба на движни ствари - траен корисник ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, со Предлог-одлука за продажба на движни ствари

4. Информација за испраќање на републички сили за заштита и спасување на меѓународна вежбовна активност за спасување од урнатини и поплави „СРБИЈА 2018“, која, под покровителство на NATO - Euro Atlantic Disaster Response Coordination Center (EADRCC), ќе се одржи од 7 до 12 октомври 2018 година, во Младеновац, Република Србија, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-568/18

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр. 03-564/18

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-563/18

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-565/18

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-573/18

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-569/18

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-567/18

12. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (вкупно 9 моторни возила) со правосилни пресуди/одлуки на државни органи

**б) Економски систем и тековна економска политика**

13. Информација за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

14. Информација за потребата од воспоставување на меѓуминистерска работна група за координација на Регионалната инвестициска реформска Агенда, со Предлог-решение

15. Информација за задолжување на Општина Старо Нагоричане кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Старо Нагоричане со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

16. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини 5/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/18), со Предлог-одлуки

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со придружни содржини со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог-одлука

18. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Стенлеј“ ДООЕЛ Свети Николе со седиште Плоштад Илинден бр.21 Свети Николе, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Република Македонија на Федерација на планинарски спортови на Македонија, со Предлог-одлука

**в) Политички систем**

20. Предлог за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Уберген, со Предлог-одлука

21. Предлог за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Уберген, со Предлог-решение

22. Информација за формирање на Координативно тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки согласно член 20 од Законот за рестриктивни мерки, („Службен весник на Република Македонија“ број 190 од 25.12.2017 година), со Предлог-одлука за формирање на Координативно тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки и Предлог-решение за назначување на претседател и членови на Координативното тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки

23. Информација за можноста за обезбедување на обука на симулатор на хеликоптер тип Ми-24В на пилоти од Република Полска во Центарот за обука на пилоти на Министерството за одбрана

**г) Човечки ресурски и одржлив развој**

24. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година

25. Информација за зголемување на коефициентите на сложеност на работите во јавните установи за деца-детски градинки во 2018 година

**Б. Материјали за кои се одлучува без расправа**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

26. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за финансии - Царинска управа

**б) Политички систем**

27. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „THRACIAN SWORD 18“, во Република Бугарија

28. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Maple arch 18“, во Република Литванија

29. Барање на Шерифија Далиповиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

30. Барање на Нехат Ќуфта, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Крива Паланка

32. Предлог-одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во времето од 1 до 7.10.2018 година

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

33. Статут на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ - Охрид (I фаза)

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

34. Статут на „Меѓународен универзитет Визион“ - Гостивар

35. Статут на Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин“ - Свети Николе - Битола

36. Статут на Универзитетот „Евро - Балкан“ - Скопје

37. Статут на Приватна високообразовна установа - Висока стручна школа Факултет за бизнис економија Скопје

38. Статут на Бизнис академија Смилевски-БАС - Скопје

39. Статут на Првиот приватен универзитет ФОН, Скопје

40. Понуда од нотар Зорица Пулејкова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 55791 за КО Кисела Вода 1 на КП бр. 1174

41. Барање од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот

42. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17

**В. ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

43. Повик за презакажано Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, за 25.9.2018 година, со почеток во 11:00 часот

44. Кадровски прашања

45. Прашања и предлози

**Г. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

46. Информација за текот на постапката за основање на ТИРЗ Липково

47. Извештај за работата и материјално - финансиското работење на АД за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година

48. Полугодишен извештај за работењето на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам за периодот 1.1-2018 - 1.7.2018 година

49. Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2017 година

50. Информација за примена на Законот за медијација во делот на надлежностите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

51. Информација за можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услугите за пребарување и спасување (SAR) чија цел е подобрување на животниот стандард и безбедноста на сите граѓани на Република Македонија и сите нејзини посетители

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

52. Информација за активностите на Проектот за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на средни и основни училишта во Република Македонија, продолжување на рокот за реализација на склучениот Договор за изведување на градежни работи за изградба на училишни спортски сали и продолжување на рокот за реализација на склучениот Договор за стручно - технички надзор за доизградба на училишни спортски сали

53. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Долно Поле“, с.Прибачево, Општина Кочани, „Орловец“, Општина Куманово, „Самаци“, Општина Брвеница, „с.Раборци“, Општина Струмица, „Ширината“, с.Лаки, Општина Виница, „Жван“, Општина Демир Хисар и „Мерите“, Општина Штип, со нов текст на Јавен повик и Тендерска документација.

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Оперативно - техничката агенција - ОТА

*

*   *

Владата, без забелешки ги усвои записниците од Осумдесет и седмата и Осумдесет и осмата седница на Владата, одржани на 6.9.2018 и 11.9.2018 година

*

*   *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Информација за Програмите на Унијата за 2017 година**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година, за наредната седница на Владата.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Информацијата со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за економија- Државен пазарен инспекторат ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го повлече Барањето во врска со постапката за запишување на просторот со кој располагаат во општинската зграда на Тетово.

2. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да достави Геодетски елаборат за предметните недвижни ствари (просториите во кои сега се сместени Државниот пазарен инспекторат и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно сите 9 канцеларии со вкупна површина од 140 м2) со Барање за запишување на правата на недвижности во корист на Република Македонија до Државното правобранителство на Република Македонија заради спроведување на постапка за запишување на правата на недвижностите во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

3.Се укажува на Државното правобранителство на Република Македонија по преземањето на активностите за спроведувањето на постапката за запишување на недвижниот имот, во рок од 30 дена до Владата да достави соодветна Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар согласно член 65 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и во општинска сопственост, а по нејзиното донесување се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да го запише правото на сопственост во Катастарот на недвижности.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за фискални импликации и за дополнителни средства од буџетот на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2018 година и

потребни средства за 2019 година, со цел реализација на Акциски план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација на Република Македонија и очекувани зголемувања на приходите, со Акциски план и дополнувањето кон неа и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Го разгледа и прифати Акцискиот план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација на Република Македонија.

2.Се укажува на Институтот за стандардизација на Република Македонија, на секои шест месеци до Владата да доставува информации за текот и прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план, се до неговото целосно реализирање.

3.Се задолжува Министерството за финансии, при следно буџетирање, во буџетот на Институтот за стандардизација на Република Македонија да предвиди средства во висина од 5.500.000,00 денари за останати неподмирени обврски по основ на членарина.

4.Се укажува на Институтот за стандардизација на Република Македонија, во рок од пет дена, да достави барање до Министерството за информатичко општество и администрација во кое ќе ја искаже потребата со точни стручни квалификации за три нови лица кои би се преземале/распределиле во Институтот за стандардизација на Република Македонија.

5.Се укажува на Институтот за стандардизација на Република Македонија, при доставување на буџетското барање за 2019 година до Министерството за финансии да предвиди средства во висина од 6.300.000,00 денари за членарина, со цел непречено обавување на планираните активности на Институтот за стандардизација на Република Македонија, согласно Акцискиот план.

6.Се укажува на Институтот за стандардизација на Република Македонија, во рок од 30 дена да одржи координативен состанок со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, со цел изнаоѓање на решение и идни чекори за обезбедување на соодветен/дополнителен простор за вршење на основната дејност на Институтот за стандардизација на Република Македонија, како и со цел реализација на сите предвидени активности за зголемување на приходите.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Барањето за добивање на согласност за спроведување на постапка за продажба на движни ствари - траен корисник ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, со Предлог-одлука за продажба на движни ствари и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за испраќање на републички сили за заштита и спасување на меѓународна вежбовна активност за спасување од урнатини и поплави „СРБИЈА 2018“, која, под покровителство на NATO - Euro Atlantic Disaster Response Coordination Center (EADRCC), ќе се одржи од 7 до 12 октомври 2018 година, во Младеновац, Република Србија, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Ја донесе Одлуката за испраќање на републички сили за заштита и спасување за учество на меѓународна вежбовна активност при спасување од урнатини и поплави ,,СРБИЈА 2018‘‘ во Република Србија, во предложениот текст.

2.Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи - Граничната полиција и Министерството за финансии - Царинската управа, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница, при излез и влез во Република Македонија на републичките сили за заштита и спасување.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-568/18), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. Бр. 03-564/18), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр. 03-563/18), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. Бр. 03-565/18), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. Бр.03-573/18), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. Бр. 03-569/18), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-567/18), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии-Управа за јавни приходи (пмв Фолксваген Голф 5),

2.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Ауди А4),

3.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за остварување на правата на заедниците (пмв Фолксваген Туран),

4.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (Минибус марка Ивеко 49-10),

5.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (Специјален автомобил марка Ивеко за транспорт на возила),

6.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје ( пмв БМВ 320),

7.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ) и

8.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ 730 Д), во предложените текстови.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Акционерското друштво „Електрани на Македонија“ да се разгледа на наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и ќе се усогласи со Секретаријатот за законодавство (во текстот на Предлог-одлуката, Решението и образложенијата наместо „АД Електрани на Македонија“ да стои „Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје“).

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Се овластува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да го потпише Меморандумот за соработка.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од воспоставување на Меѓу-министерска работна група за координација на Регионалната инвестициска реформска Агенда, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Меѓу-министерска работна група за координација на Регионалната инвестициска реформска Агенда, со заклучок за член на Работната група да се дополни и претставник од Министерството за локална самоуправа.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Старо Нагоричане кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Старо Нагоричане со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Старо Нагоричане со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да и препорача на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје при задолжувањето на општините со вакви краткорочни кредити, а со цел зголемување на ефикасноста на своето пласирање на средствата, да ја разгледа можноста за одредување на најниски можни каматни стапки, со што ќе има гарантирано враќање, бидејќи ваквите проекти се финансирани од средства на европските фондови кои се исплаќаат на крајот на проектот.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини 5/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/18), со предлог-одлуки и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини 5/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/18).

2. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 5/2018, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.100/18.

3. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - песок и чакал на Друштвото за производство трговија и услуги ЈЈ Аква инженеринг ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Трница“, Општина Студеничани, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - минерална вода на Друштвото за производство трговија и услуги Кватро Ана и други, ДОО увоз-извоз Куманово на локалитетот „Фабрика Кватро“ Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со придружни содржини со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со придружни содржини со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Алданци, Општина Крушево, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Стенлеј“ ДООЕЛ Свети Николе со седиште Плоштад Илинден бр.21 Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство текстовите на Информацијата, Одлуката и Образложението, номотехнички да ги усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Република Македонија на Федерација на планинарски спортови на Македонија, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Федерација на планинарски спортови на Македонија, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлогот за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Уберген, со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Уберген, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлогот за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Уберген, со Предлог-решение, го прифати Предлогот и го донесе Решението за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Уберген, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Координативно тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки согласно член 20 од Законот за рестриктивни мерки, („Службен весник на Република Македонија“ број 190 од 25.12.2017 година), со Предлог-одлука за формирање на Координативно тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки и Предлог-решение за назначување на претседател и членови на Координативното тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за формирање на Координативно тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки, во предложениот текст.

2. Решението за назначување на претседател и членови на Координативното тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки (најнов текст), да се разгледа и донесе на наредната седница на Владата, по влегувањето во сила на Одлуката за формирање на Координативно тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за обезбедување на обука на симулатор на хеликоптер тип Ми-24В на пилоти од Република Полска во Центарот за обука на пилоти на Министерството за одбрана (најнов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1.. Цената за обуката на пилотите од Република Полска да изнесува 470 евра по час летање на симулатор, од кои 235 евра да припаднат на Министерството за одбрана.

2 Даде согласност Министерството за одбрана да склучи договор со Елмак - Елбит системи Македонија за обезбедување на обука на симулатор на хеликоптер тип Ми-24В на пилоти од Република Полска во Центарот за обука на пилоти на Министерството за одбрана.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на коефициентите на сложеност на работите во јавните установи за деца-детски градинки во 2018 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика, почнувајќи од

септември 2018 година за плата која ќе биде исплатена во октомври 2018 година, со линерно зголемување од 5% на коефициентите кои се во примена, да го реализира зголемувањето на платите за вработените во детските градинки, согласно обезбедените средства во Буџетот за 2018 година.

**<u>Точка 26</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за финансии - Царинска управа, во предложениот текст.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „THRACIAN SWORD 18“, во Република Бугарија, во предложениот текст.

**<u>Точка 28</u>**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Maple arch 18“, во Република Литванија, во предложениот текст.

**<u>Точка 29</u>**

Владата го разгледа Барањето на Шерифија Далиповиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 30</u>**

Владата го разгледа Барањето на Нехат Ќуфта, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 31</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Крива Паланка, во предложениот текст.

**<u>Точка 32</u>**

Владата ја донесе Одлуката за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во времето од 1 до 7.10.2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 33</u>**

Владата го разгледа Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ - Охрид (I фаза) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав. Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.

По однос на текстот на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ Охрид, од аспект на Законот за високото образование, како и од формално- правен аспект, се укажува на следното:

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе член 94 точка 1 од Законот за високото образование.

Во Статутот ќе треба да се вградат одредби кои се однесуваат на академската заедница, односно кој ја сочинува истата. Ова, поради усогласување со член 5 став (1) од Законот за високото образование, согласно кој академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно - научни, научни, наставни, наставно - стручни и соработнички звања и студентите.

Главата II. Автономија на универзитетот (членовите 21 - 30) од Статутот ќе треба да се усогласи со членовите 7-14 од Законот за високото образование, во поглед на опфататот, односно што се вклучува академската слобода, при што ќе треба да се формулираат членови од аспект на тоа што се подразбира под академска слобода, автономија на управувањето, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата.

Член 27 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 12 став 2 од Законот за високото образование, според кој полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на ректорот, деканот, односно директорот или на лице овластено од нив да влегуваат во просторот на Универзитетот. Освен тоа, членовите 26 и 27 ќе треба да се прелоцираат по член 24 од Статутот.

Во член 28 од Статутот, се укажува да се преоцени потребата посебно да се уредат забраната на политичко организирање и забраната за верско организирање, заради конкретно уредување на истакнувањето на верските обележја на високообразовните установи на верските заедници основани со закон.

Член 30 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 14 од Законот за високото образование во однос на начинот на решавање на споровите.

Во член 33 став 3 од Статутот ќе треба да се доуреди кој ќе ја цени можноста квотите, стипендиите и посебната поддршка да се третираат како афирмативни мерки.

Во член 38 ставот 2 ќе треба да изостане со оглед дека истото претставува материја што треба да се уреди со закон.

Во член 41 став 2 ќе треба да се прецизира на кои одредби се однесува исклучокот.

Одредбите од членовите 45 и 46 да се усогласат со одредбите од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18).

Членот 47 од Статутот треба да се усогласи со член 19 од Законот за високото образование. Освен тоа, во Главата VI. Дејност на Универзитетот и на единиците, ќе треба да се вградат одредби во кои ќе се уреди дејноста на единиците на универзитетот, и на факултет, уметничка академија и висока стручна школа (доколку се составен дел на универзитетот) заради усогласување со член 20 и 21 од Законот за високото образование.

Во член 60 ставот 1 треба да изостане бидејќи истото е уредено со член 59 став 1. Со оглед дека во Статутот како внатрешни организациони единици може да се организираат меѓу другите и институти, центри, библиотеки и други укажуваме дека ќе треба да се преоцени потребата да се вградат одредби кои би се однесувале на надлежноста на директор.

Во член 99 ставот 3 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 93 став 7 од Законот за високото образование, според кој ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.

Одредбите од ставот 5 од истиот член ќе треба да изостанат со оглед дека истото не е предмет на уредување на Статутот, а воедно истото не е предвидено ни со Законот за високото образование.

Член 100 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 93 став 4 од Законот за високото образование, согласно кој членовите на сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.

Членот 102 од Статутот треба да се усогласи со член 93 став (7) од Законот за високото образование. Согласно наведениот член од Законот за високото образование членови на Сенатот по положба се ректорот и проректорите. Ваквото решение во Статутот ги ограничува ректорот и проректорите да бидат членови на Сенатот без право на глас.

Во член 103 од Статутот треба да се прецизира рокот за одржување на конститутивната седница на Сенатот.

Во членот 108 став (2) од Статутот по зборовите: „Сенатот донесува“ треба да се додадат зборовите „општи акти“.

Во член 109 став (4) треба да се прецизира кој ќе претседава со седница на Сенат која е свикана од ректорот.

Член 116 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 93 став 11 од Законот за високото образование.

Членот 118 став (3) од Статутот е во спротивност со член 115 од овој статут и со член 96 од Законот за високото образование. Со оглед на тоа потребно е целосно усогласување на оваа одредба од Статутот со член 96 од Законот за високото образование.

Членот 120 од Статутот, во делот на термините каде се користат календарски месеци треба да се корегира, па така наместо со фиксен календарски период да се поврзе со временски период пред престанок на мандат (пример: шест месеци пред престанок на мандат). Ова од причини што, иако претпоставката е дека мандатот на ректорот почнува со почетокот на учебната година, поради различни околности овие циклуси може да се поместат.

Во член 122 од Статутот терминот „државна“ ќе треба да се замени со терминот „јавна“, а ова заради усогласување со член 97 став 16 од Законот за високото образование. Ова укажување се однесува и на член 150 став 3 од Статутот.

Во член 123 од Статутот ќе треба да се преоцени потребата да се вгради одредба која би се однесувала на набљудувачите на работата на универзитетската изборна комисија, заради усогласување со член 97 став (7) од Законот за високото образование. Во ставот 6 првата реченица да се дополни со зборовие „освен ако наставно - научните, односно научните совети не одлучат да се избира со тајно гласање“ на што упатува член 110 став 6 од Законот за високото образование. Ставот 13 да изостане од причини што сенатот не одлучува за избор на ректор.

Во членот 124 во ставот 2 по зборот „општите“ да се додаде зборот „и посебните“.

Членот 135 да изостане, од причини што претставува материја која не е уредена со Законот за високото образование и законот не упатува истото да се уреди со статут.

Членовите 137 и 138 од Статутот ќе треба да се усогласат со членот 100 од Законот за високото образование, во кој е утврдено во кој случај престанува мандатот на ректорот пред истек на периодот за кој е избран.

Во членот 140 ставот 2 да изостане од причини што не е во согласност со член 99 став 2 од Законот за високото образование.

Во членот 148 став (1) од Статутот, алинеите 1, 2, 3, 4 и 5 да се усогласат со член 98 точка 10, како и член 101 став (3) од Законот за високото образование.

Во делот кој се однесува на „Ректорската управа“ (членови од 156 до 164) ќе треба да се вградат одредби за утврдување на надлежноста на истата.

Член 167 од Статутот треба да се усогласи со член 104 став (2) од Законот за високото образование. Покрај тоа член 167 од Статутот е спротивен со член 167 од истиот Статут. Постапката за именување на членови на Универзитетски совет е уредена со членот 104 став (2) од Законот за високото образование.

Членот 168 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 105 од Законот за високото образование.

Во Статутот ќе треба да се вградат одредби во однос на формирање одбор за соработка и доверба со јавноста, ова заради усогласување со член 122 од Законот за високото образование.

Одредбите од член 214 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 152 став (1) од Законот за високото образование.

Членовите 274 и 275 од Статутот ќе треба да се усогласат со членовите 139 и 140 од Законот за високото образование, во однос на содржината на студиските програми.

Во членот 276 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 142 став 2 од Законот, според кој содржината на студиските програми подетално се регулира со Правилник за содржината на студиските програми кој го донесува Националниот совет за високо образование.

Членот 277 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 140 од Законот, со оглед дека во Законот за високото образование не е предвидено единицата на универзитетот да донесува план за реализација на наставата, односно истата донесува студиска програма чија што содржина треба да биде во согласност со наведениот член од Законот.

Во член 278 од Статутот, ставот 2 ќе треба да изостане, како материја која се уредува согласно Законот за високото образование.

Членот 281 ставот 11 од Статутот, ќе треба да се допрецизира во смисла на тоа кои поблиски одредби се утврдуваат со општ акт на Универзитетот, односно единиците.

Членот 298 од Статутот ќе треба да се дополни во смисла дека условите се утврдени со закон и овој статут, а заради усогласување со член 178 став 2 од Законот за високото образование, при што Статутот да се дополни со услови за престанок на работниот однос пред истекот на времето за кое лицето е избрано во соодветно звање.

Во член 308 ставовите (2) и (3) се во спротивност со член 94 точка 16 од Законот за високо образование, според кој Сенатот на Универзитетот одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa) и звањето професор емеритус.

Во член 346 ставот 2 ќе треба да се усогласи со член 149 став (2) од Законот за високото образование, во однос на содржината на конкурсот.
Одредбата од член 396 став 1 од Статутот ќе треба да се доуреди со оглед дека истата е нејасна.

Членовите од 409 до 426 од Статутот, ќе треба да се преоцени да изостанат како прашања кои се предмет на акт на Универзитетот, ова согласно член 32 став (5) од Законот за високото образование.

Членот 422 став 5 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 34 став 1 од Законот за високото образование, во однос на средствата за финансирање на студентското собрание. Членот 425 од Статутот ќе треба да се дислоцира со оглед дека истиот не претставува преодна одредба.

Членовите 426, 427 и 428 од Статутот ќе треба да изостанат со оглед дека не се предмет на уредување на истиот, дотолку повеќе што истите прашања на соодветен начин се веќе уредени во член 221 од Законот за високото образование.

Во Статутот (во преодните одредби) ќе треба да се вградат одредби во однос на рокот за донесување на општите акти.

Освен наведеното, се укажува дека Статутот треба да биде потпишан од претседателот на универзитетскиот сенат, а не од ректорот.

Освен наведените забелешки, се укажува дека треба да се изврши и правно - техничко подобрување на текстот на Статутот.

## Точка 34

Владата го разгледа Статутот на „Меѓународен универзитет Визион“ - Гостивар и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

По текстот на Статутот на „Меѓународен универзитет Визион“ - Гостивар, од аспект на Законот за високото образование, како и од формално правен аспект, се укажува на следното:

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со статут.
Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот, истите треба во целост да бидаат усогласени со Законот за високото образование, освен

во случаите кога Законот дава овластување за дополнително уредување на истата проблематика со статут на универзитетот.

Одредбата од член 21 од Статутот е нејасна и двосмислена, со оглед на тоа истата треба да изостане или да се допрецизира.

Во членот 38 ставовите (2) и (3) имаат идентична содржина.

Членот 47 да се усогласи со член 21 од Законот за високото образование.

При утврдувањето на текстот на Статутот треба да се води сметка на тематскиот редослед на членовите кои регулираат иста проблематика (член 51 и 54).

Во врска со одредбата од член 51, се укажува дека организациони единици во смисла на член 85 од Законот за високото образование, се внатрешни организациони единици со кои се поврзува праксата, знаењето, уметноста и високото образование и во чие работење може да учествуваат студентите (студентски културни центри, инженерски бироа, работилници, центри за правни и бизнис совети, центри за социјална работа и друга помош на граѓаните, производни пробни центри, галерии, радио и ТВ станици и друго) и технолошки паркови.

Во членот 51 став (3), алинеја 3 треба да изостане со оглед дека истата е регулирана во член 66 став (1) алинеја 8 од Статутот.

Согласно член 86 од Законот, универзитетот формира Центар за кариера како посебна организација, со оглед на тоа во членот 51 став (3), алинеја 4 треба да изостане и истата да се регулира во посебен член.

Согласно член 87 од Законот за високото образование, Универзитетот може под услови утврдени со закон и со статут заради пренос на правата од интелектуална сопственост коишто произлегуваат од нејзината дејност, а особено од научно-истражувачка работа и создавање авторски дела, заради вршење други услуги од јавни овластувања, пренос на научно и стручно знаење, и други остварувања во вршењето на применувачка работа, за вршење на издавачка дејност, за здравствена заштита на студентите, за сместување и исхрана, за културни потреби, спорт и рекреација на студентите и вработените во високообразовните установи и за други потреби, самостојно или со друг сосновач да основа трговско друштво или установа под условите утврдени со закон и статутот. Со оглед на тоа, член 51 од Статутот треба да се усогласи со горенаведените законски одредби, односно поднасловот „Внатрешни организациони единици„ да се преиначи во „други организациони облици“

Членот 53 од Статутот треба да стои пред член 51 со поднаслов „Организациони единици во состав на универзитет“ и истиот во целост да се усогласи со одредбата од член 85 од Законот за високото образование.

Во членот 103, точка 6 треба да изостане, со оглед на тоа што истата се однесува на ректорската управа во јавните високообразовни установи.

Во членот 104, ставот (3) треба да изостане со оглед на тоа што согласно номотехничките правила на изговување на правни акти, со подзаконски акти не може да се утврдат права и обврски.

Аналогно со член 105 став (4) од Законот за високото образование, надлежноста и начинот на одлучувањето на органот на основачот поблиску се уредува со овој закон и со статутот на универзитетот. Дополнително, согласно член 106 став (2) бројот на членови и составот на Органот на основачот го определува основачот со актот за основање на универзитетот и со статутот на универзитетот.

Во членот 108 поднасловот: „Наставно-научен, односно научен совет“, да се заменат со зборовите „Научен совет“, со оглед на тоа што ова одредба се однесува на научен совет, истата забелешка соодветно да се примени и во содржината на одредбата од овој член.

Во членот 109 поднасловот: „Наставно-научен, односно наставнички совет“ да се заменат со зборовите „Наставнички совет“, со оглед на тоа што оваа одредба се однесува на висока стручна школа, истата забелешка соодветно да се примени и во содржината на одредбата од овој член.

Членовите 108 и 109 од Статутот треба да се постават хронолошки како што се предвидени во Законот за високото образование.

Во врска со член 114 од Статутот, се укажува дека согласно член 110 точка 3 од Законот, Наставно-научниот совет на факултетот избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување.
Согласно член 94 точка 19 од Законот, Сенатот на универзитетот го потврдува изборот на декан, односно директор на единиците на универзитетот. Согласно наведеното, членот 114 од Статутот да се усогласи со член 110 точка 3 и член 94 точка 19 од Законот.

Во членот 128 став (2) повикувањето во претходниот став е погрешно.

Поднасловот пред членовите 235, 236, 237, 238 треба да се напише пред членот.

Во Статутот ќе треба да се вгради одредба, во смисла дека, со стапувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот бр. _____________ од ___________.

Во Статутот ќе треба да се вгради и завршна одредба во смисла дека овој статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник“ на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од основачот.

Се укажува дека Статутот треба да биде потпишан од претседателот на универзитетскиот сенат, а не од ректорот.

Текстот на Статутот да се подобри од јазичен и номотехнички аспект.

По усвојувањето на дадените забелешки да се изврши соодветна пренумерација на членовите на Статутот.

## Точка 35

Владата го разгледа Статутот на Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе - Битола и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2018), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 112, став 1, точка 1 од Законот за високото образование, наставничкиот совет, меѓу другото, донесува статут на високата стручна школа.

По текстот на Статутот на Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе - Битола, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дава овластување за дополнително уредување на истата проблематика со Статут на Универзитетот.

Во членот 26 од Статутот во ставот 2, зборот „Закон“ да се замени со зборот „Законот за високото образование“.
Членот 27 од Статутот да се дополни со одредбата од став 8 на членот 15 од Законот за високото образование. Ставот 2 да се усогласи со точката 1 на членот 94 од Законот за високото образование.

Членот 31 од Статутот да се усогласи со член 97 од Законот за високото образование.

Членот 56 од Статутот да се усогласи со член 81 од Законот за високото образование.

Членот 60 од Статутот да се усогласи со член 76 од Законот за високото образование.

Членот 63 од Статутот да се усогласи со член 85 од Законот за високото образование.

Во членот 91 од Статутот да се определат составот на дисциплинската комисија, начинот и постапката за утврдување на дисциплинската одговорност, мерките и условите под кои дисциплинската мерка се изрекува и правото на заштита на студентот, согласно член 30 став 5 од Законот за високото образование.

Членот 92 од Статутот да се усогласи со член 31 од Законот за високото образование.

Насловот пред членот 105 да гласи „ОРГАНИ И ТЕЛА НА МСУ“, а членот 105 да се дополни со точка 5. Универзитетско студентско собрание.

Законот за високото образование (член 92 став 3) регулира дека приватен, односно приватно-јавен универзитет наместо универзитетски совет, може да има орган на основачот, со права и обврски утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот, во согласност со овој закон. Со оглед дека во членот 107 од Статутот е уредено дека управниот одбор е орган на основачот, членовите 108, 109 и 110 треба да изостанат, со оглед дека во Законот за високото образование не се уредува ова тело-генерален директор. Исто така, да се има во предвид ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон“.

Членот 111, став 1 од Статутот да се усогласи со членот 94 точка 29 од Законот за високото образование.

Ставот 6 на членот 112 од Статутот да се усогласи со ставот 6 на член 93 од Законот за високото образование. Во ставот 8 да се утврди точниот број на претставници на студенти во сенатот.

Одредбите од Статутот кои се однесуваат на универзитетскиот сенат да се дополнат со одредби за бројот на членовите на сенатот, постапката за нивниот избор, основите и постапката за нивно разрешување, како и свикувањето и водењето на седниците на сенатот, како што упатува член 93 став 10 од Законот за високото образование.
Членот 114 да изостане од причини што Законот за високото образование не уредува замена на член на универзитетски сенат.

Во членот 117, ставот 3 да изостане.

Во членот 118, ставот 8 да изостане, а во Статутот поблиску да се уреди постапката за избор на претседател на универзитетскиот сенат.

Во членот 119, ставот 13 да изостане од причини што изборот на ректор го врши универзитетската изборна комисија.

Членот 119 од Статутот да се дополни со ставови за постапката за избор на ректор, како што упатува член 97 став 13 од Законот за високото образование.

Исто така, да се дополнат одредбите од Статутот со одредби за разрешување на ректорот или проректорот пред истекот на времето за кое се избрани. Начинот на разрешување на ректорот или на проректорот поблиску се уредува со статутот на универзитетот (член 97 став 17 од Законот за високото образование).

Во членот 123, ставот 2 да се усогласи со ставот 2 на членот 101 од Законот за високото образование. Ставот 4 да се усогласи со ставот 4 на членот 101 од Законот за високото образование.

Во членот 124, ставот 2 да изостане, а во Статутот да се уреди бројот на претставниците на студентите во ректорската управа, согласно член 102 став 3 од Законот за високото образование.

Во ставот 5 на членот 137 да се утврди точниот број на претставници на студенти во наставно-научниот совет. Во ставот 6 да се наведат стручните тела кои може да ги формира наставно-научниот совет.

Во членот 140, ставовите 5 и 6 да се издвојат во посебен член.

Во членот 141, ставот 4 од Статутот да се усогласи со членот 115 став 4 од Законот за високото образование.

Членот 142 од Статутот да се усогласи со член 116 од Законот за високото образование.

Членот 143 од Статутот да се преформулира како ставот 6 на членот 120 од Законот за високото образование.

Членот 145 од Статутот да се усогласи со членот 125 од Законот за високото образование.

Членот 164 од Статутот да се усогласи со членот 144 од Законот за високото образование.

Членот 169 од Статутот да се усогласи со членот 151 став 4 од Законот за високото образование.

Членот 208 од Статутот да се дополни со ставови за начинот, времето и условите под кои се врши дејноста на визитинг професорите, како што упатува член 180, став 2 од Законот за високото образование.

Членот 212 од Статутот да се дополни со ставови за доделување звање почесен професор и титула почесен доктор на науки и за нивните права, како што упатува член 184 став 2 од Законот за високото образование.

Членот 213 од Статутот да се дополни со ставови за доделување звање професор емеритус и за неговите права, како што упатува член 185 став 4 од Законот за високото образование.

Членот 214 од Статутот да се дополни со ставови за условите за користење на правата од платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој во соодветна институција, како што упатува член 186 став 3 од Законот за високото образование.

Членот 222 од Статутот да се дополни со ставот 2 од членот 177 од Законот за високото образование.

**<u>Точка 36</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Статутот на Универзитетот „Евро - Балкан“ - Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно истиот ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за

образование и наука да достави мислење по новиот текст на Статутот на Универзитетот „Евро - Балкан“ - Скопје.

## Точка 37

Владата го разгледа Статутот на Приватна високообразовна установа - Висока стручна школа Факултет за бизнис економија Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на Статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 112 став 1 точка 1 од Законот за високото образование, наставничкиот совет, меѓу другото, донесува статут на високата стручна школа.
По текстот на Статутот на Приватната високообразовна установа Висока стручна школа „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“ - Скопје, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект укажуваме на следното:

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дава овластување за дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе само член 112 став 1 точка 1 од Законот за високото образование, кој претставува изречен законски основ за негово донесување.

Членот 8 од Статутот да се усогласи со членот 87 од Законот за високото образование.

Членот 23 од Статутот да се усогласи со членот 13 од Законот за високото образование.

Во членовите 7, 8, 9, 24, 25, 64, 68, 69, 70, 85, 86, 88, 89, 99, 101 и 116 од Статутот се даваат надлежности на органот на основачот.

Во членот 106 од Законот за виското образование е уредено дека приватен, односно приватно-јавен универзитет наместо универзитетски совет, може да има орган на основачот. Бројот на членови и составот на органот на основачот го определува основачот со актот за основање на универзитетот и со статутот на универзитетот. Со оглед дека оваа одреба се однесува дека само на приватен, односно приватно-јавен универзитет може наместо универзитетски совет, да има орган на основачот, потребно е од Статутот да се изостанат одредбите за органот на основачот.

Членот 75 од Статутот да се дополни дека за избор и разрешување на директор и заменик директор и за избор на сенатори, Наставничкиот совет одлучува со тајно гласање (член 112 став 5 од Законот за високото образование).

Во членот 84 од Статутот во ставот 2 алинејата 7 да се усогласи со точката 7 на ставот 4 на член 117 од Законот за високото образование.

Во членот 85 од Статутот ставот 2 да се усогласи со ставот 3 на член 117 од Законот за високото образование.

Во членот 103 од Статутот да се определат кои се другите работи кои ги врши Управата на ФБЕ, а не истите да се определуваат со Правилник на ФБЕ (член 121 став 4 точка 4 од Законот за високото образование).

Членот 106 од Статутот да се дополни со одредби за начинот на предлагање на членовите на одборот за соработка и неговите надлежности (член 122 став 3 од Законот за високото образование).

Во членот 130 од Статутот има погрешно повикување на член 146 став 1 и став 3, кој член пак уредува друга материја.

Членот 180 став 1 од Статутот да се дополни со точките 4 и 5 на став 3 од член 27 од Законот за високото образование.

Во членот 183 став 2 алинеја 6 од Статутот има погрешно повикување на членовите 141 и 146 од статутот.

Членовите 191, 192 и 193 од Статутот да се усогласат со член 30 од Законот за високото образование, во однос на видовите на дисциплински мерки.

Членот 246 од Статутот да се усогласи со ставот 2 на членот 178 од Законот за високото образование.

Членот 251 од Статутот да се усогласи со членот 179 од Законот за високото образование, во насока дека овој закон уредува вршење на дејност на друга високообразовна установа, но не уредува и вршење на дополнителна дејност во друго правно лице.

Членот 268 од преодните и завршните одреби од Статутот да се стави архивскиот број на Статутот кој престанува да важи.

Се укажува дека Статут треба да биде потпишан од наставничкиот совет, а не од директорот (член 112 став 1 точка 1 од Законот за високото образование).

Освен наведените забелешки, Владата на Република Македонија укажува дека ќе треба да се изврши и правно - техничко подобрување на текстот на Статутот, како и по усвојувањето на дадените забелешки да се изврши соодветна пренумерација на членовите на Статутот.

## Точка 38

Владата го разгледа Статутот на Бизнис академија Смилевски-БАС - Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 112 став 1 точка 1 од Законот за високото образование, наставничкиот совет, меѓу другото, донесува статут на високата стручна школа.

По текстот на Статутот на Бизнис академија Смилевски-БАС - Скопје, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидаат усогласени со Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дава овластување за дополнително уредување на истата проблематика со Статут на Универзитетот.

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе само член 112 став 1 точка 1 од Законот за високото образование, кој претставува изречен законски основ за негово донесување.

Одредбата од член 4 од Статутот да се усогласи терминолошки со ставот 9 на членот 69 од Законот за високото образование.

Членот 5 од Статутот да се усогласи со членовите 77 и 79 од Законот за високото образование.

Став 1 на членот 11 од Статутот да се усогласи со став 1 на член 5 од Законот за високото образование.

Во членот 26 од Статутот да се утврди начинот на користењето на печатот, согласно член 17 став 6 од Законот за високото образование. Истата забелешка се однесува и на членот 28 од Статутот.

Во членот 29 од Статутот да се утврди изгледот на знаците и другите обележја и начинот на нивното користење, согласно член 17 став 6 од Законот за високото образование. Истата забелешка се однесува и на членот 32 од Статутот.

Да се преоцени потребата од членовите 39 и 40 од Статутот од причини што Законот за високото образование (член 31 и член 32) уредува дека заради заштита на правата на студентите на секој универзитет се избира студентски правобранител, од редот на редовните студенти на универзитетот. Овие одредби не се однесуваат на самостојните високи стручни школи.

Во членот 58 во ставовите 4 и 5 од Статутот да се утврди бројот на претставниците на студентите во Наставничкиот совет, како и времето за кое се избираат, согласно член 111 од Законот за високото образование. Во ставот 6 да се утврдат стручните тела кои може да ги формира наставничкиот совет.

Во членот 61 од Статутот броевите „1, 3, 4, 5 и 6“ да се заменат со броевите „1, 3, 5, 6 и 8“.

Во членот 63 од Статутот треба да се утврдат прашањата за кои Наставничкиот совет може да одлучи да спроведе тајно гласање (член 112 ставови 5 и 6 од Законот за високото образование).

Одредбите на Статутот да се дополнат со одредби за разрешувањето на директорот и заменик директорот, како што е уредено со став 5 на членот 119 од Законот за високото образование.

Членот 79 од Статутот да се дополни во насока на организацијата, начинот на работа на управата на високата стручна школа, како и бројот и начинот на изборот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со статутот на високата стручна школа.

Членот 83 од Статутот да се дополни согласно член 39 став 3 од Законот за високото образование, согласно кој учеството на студентите во органите на универзитетот и на единиците на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа, прашањата за кои рамноправно одлучуваат, бројот, начинот на избор и другите прашања од значење за остварување на нивните права поблиску се уредуваат со статутот на универзитетот и статутот на единиците на универзитетот, односно со статутот на самостојната висока стручна школа, а во согласност со одредбите на овој закон.

Членот 88 од Статутот да се дополни со ставот 3 на членот 125 од Законот за високото образование.

Членот 112 од Статутот да изостане, од причини што Законот за високото образвание не предвидува студирање на далечина.

Во членот 126 од Статутот да се утврди начинот на објавувањето на конкурсот за запишување на студенти, како што упатува ставот 6 на член 149 од Законот за високото образование.

Членот 137 од Статутот да се усогласи со ставот 10 на членот 155 од Законот за високото образование.

Ставот 2 на член 142 од Статутот да се дополни со зборовите „Закон за вработените во јавниот сектор“.

Членот 150 од Статутот да се дополни со условите, начинот и постапката под кои лицето може да врши високообразовна дејност во друга високообразовна установа (член 179 став 4 од Законот за високото образование).

Членот 152 од Статутот да се дополни со начинот, времето и условите под кои се врши дејноста на визитинг наставникот на самостојната висока стручна школа (член 180 став 1 од Законот за високото образование).

Членот 154 од Статутот да се дополни со условите за користење на правата од неплатено отсуство и сабатна година (член 186 став 4 од Законот за високото образование).

Во Статутот ќе треба да се вгради одредба, во смисла дека, со стапувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот бр. _____________ од ___________година.

Се укажува дека Статут треба да биде потпишан од наставничкиот совет, а не од директорот (член 112 став 1 точка 1 од Законот за високото образование).

Освен наведените забелешки, се укажува дека ќе треба да се изврши и правно - техничко подобрување на текстот на Статутот.

По усвојувањето на дадените забелешки да се изврши соодветна пренумерација на членовите на Статутот.

## Точка 39

Владата го разгледа Статутот на Првиот приватен универзитет ФОН, Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.

При утврдувањето на текстот на Статутот треба да се води сметка на тематскиот редослед на членовите кои регулираат иста проблематика (член 5 и член 26).

По однос на одредбата од член 5 став (1), како и член 35 од Статутот, посочуваме член 92 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) кој вели, органи на универзитетот се универзитетски сенат, ректор и ректорска управа. На универзитетот се формира универзитетски совет како тело на универзитетот. Приватен, односно приватно-јавен универзитет наместо универзитетски совет, може да има орган на основачот, со права и обврски утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот, во согласност со овој закон. На универзитетот се формира универзитетско студентско собрание како тело на универзитетот. Заради заштита на правата на студентите на универзитетот, се формира студентски правобранител како независно тело.
Оттука, укажуваме дека органите на универзитетот наведени во Статутот треба да бидат поставени согласно горенаведената одредба од Законот за високото образование.

Доколку основачот, наместо Универзитетски совет сака да формира орган на основачот, истиот треба точно да биде утврден со назив „Орган на основачот“ или со друг назив кој јасно посочува дека се однесува на органот на основачот, согласно член 106 од Законот за високото образование.

Во членот 35 став 1 алинеја 4 од Статутот е утврден посебен орган со назив „Директор“. Во Законот за високото образование никаде не се спомнува назив „Директор“ како посебен орган на универзитет, следствено на тоа и надлежности на „Директор“ не се регулирани во Законот за високото образование (член 95 и член 96).

Укажуваме дека со Статут на универзитетите не може да се конституираат други органи на универзитет надвор од тие кои ги регулира Законот за високото образование, со оглед на тоа, истиот член треба да изостане. Во целиот текст на Статутот називот „Директор“ во смисла на член 35 од Статутот треба да изостане.

Во врска со одредбата од член 38 став (2) се укажува дека бројот на студентите предложени од Универзитетското студентско собрание не смее да се ограничи на еден (1), поради тоа што согласно член 93 став (9) од Законот за високото образование, претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од членовите на сенатот.

Членот 38 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 93 од Законот за високото образование.

Во глава VII - Состав на Универзитетот, поднасловот „Организациони единици“ треба да се преиначи во „Единици во состав на универзитет“ или да изостане од причина што организациони единици, согласно член 85 став (3) од Законот за високото образование, универзитетот, под условите утврдени со закон и со статутот, покрај единиците во негов состав, може да има и други внатрешни организациони единици со кои се поврзува праксата, знаењето, уметноста и високото образование и во чие работење може да учествуваат студентите (студентски културни центри, инженерски бироа, работилници, центри за правни и бизнис совети, центри за социјална работа и друга помош на граѓаните, производни пробни центри, галерии, радио и ТВ станици и друго) и технолошки паркови.

Во членот 52 ставот (4) треба да изостане.

Во членот 70 ставот (3) треба да се усогласи со член 99 став (3) од Законот за високото образование.

Во член 80 ставот (2) треба да се усогласи согласно забелешките дадени во став (8) од ова мислење.

Во членот 81 став (1), алинеја 8 се преклопува со член 47 алинеја 29 од Статутот и е во спротивност со одредбите од член 103 од Законот за високото образование.

Поднасловот „5. Директор“ и член 95 од Статутот, треба да изостанат.

Поднасловот „5.1. Надлежности на директорот“ и член 96 треба да изостанат.

Членот 106 треба да се усогласи со член 94 алинеја 29 од Законот за високото образование.

Членот 129 треба да се усогласи со член 108 од Законот за високото образование. Поднасловот: „1. Наставно-научен, научен односно наставно-научен уметнички совет“ треба да се преиначи и да гласи: „Наставно - научен совет".

Во членот 130 ставот (3) треба да се усогласи со член 109 став (7) од Законот за високото образование.

Членот 138 да се усогласи со член 115 став (1) од Законот високото образование.

Во членот 139 став (3) зборот „ректор“ да се замени со зборот „декан“.

Членот 145 да се усогласи со член 116 став (1) од Законот високото образование.

Членот 159 да се усогласи со член 132 од Законот за високото образование.

Членовите 178, 179 и 180 треба да изостанат, со оглед на тоа што истите се детално регулирани во Законот за високо образование.

Членот 182 да се усогласи со член 180 став (1) од Законот за високото образование.

Членот 188 став (1) да се усогласи со член 187 став (1) од Законот за високото образование.

Текстот на Статутот да се подобри од технички аспект.

По усвојувањето на дадените забелешки да се изврши соодветна пренумерација на членовите на Статутот.

## Точка 40

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зорица Пулејкова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 55791 за КО Кисела Вода 1 на КП бр. 1174 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 41

Владата го разгледа Барањето од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот и по Барањето го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 42

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17 и по Известувањето ги усвои известувањата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за култура - Управа за заштита на културно наследство.

## Точка 43

Владата по Повикот за презакажано Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, за 25.9.2018 година, со почеток во 11:00 часот, заклучи да даде упатство на

претставникот на Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД - Скопје, да не присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, презакажано за 25.9.2018 година, со почеток во 11:00 часот, како и на своите претставници во управувачкото тело - Одбор на директори, да не присуствуваат на седница на Одборот на директори на Друштвото.

**Точка 44**

Владата го именува Авдуљ-Селам Селами за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

*

* *

Предлогот за именување на претседател и член на Инспекцискиот совет повторно е разгледан на седницата на Владата, одржана на 2.10.2018 година.

**Точка 45**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 10.9.2018 година до 16.9.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на постапката за основање на ТИРЗ Липково, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за работата и материјално - финансиското работење на АД за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работењето на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам за периодот 1.1-2018 - 1.7.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2017 година, за некоја од наредните седници на Владата, со заклучок Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор

да достави мислење во однос на соодветната и правична застапеност во Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација во делот на надлежностите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услугите за пребарување и спасување (SAR) чија цел е подобрување на животниот стандард и безбедноста на сите граѓани на Република Македонија и сите нејзини посетители, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи:
1. Се задолжува Министерството за здравство да започне подготвителни работи за воспоставување на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услугите за пребарување и спасување (SAR), вклучително и изработка на физибилити студија за оправданост на доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство.
2. Се задолжува Министерството за здравство по завршување на подготвителните работи и по изработката на физибилити студијата за оправданост на доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство да ја информира Владата за следните чекори во реализацијата.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Проектот за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на средни и основни училишта во Република Македонија, продолжување на рокот за реализација на склучениот Договор за изведување на градежни работи за изградба на училишни спортски сали и продолжување на рокот за реализација на склучениот Договор за стручно - технички надзор за доизградба на училишни спортски сали и врз основа на усно изнесеното Мислење на претставникот на Министерството за финансии (дека останува на претходно даденото Мислење), ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1.Одобри склучување на Анекс кон Договор со ГД Гранит АД Скопје за продолжување на рокот за реализација за 6 (шест) години.

2.Одобри склучување на Анекс кон Договор за стручно-технички надзор за доизградба и опремување на девет училишни спортски сали склучен со ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје за продолжување на рокот за реализација за 8 (осум) месеци.

**Точка 53**

Владата:

1.Ја разгледа и усвои Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Долно Поле“, с.Прибачево, Општина Кочани, „Орловец“, Општина Куманово, „Самаци“, Општина Брвеница, „с.Раборци“, Општина Струмица, „Ширината“, с.Лаки, Општина Виница, „Жван“, Општина Демир Хисар и „Мерите“, Општина Штип, со нов текст на Јавен повик и Тендерска документација.

2.Го разгледа и одобри новиот текст на Тендерската документација.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Оперативно - техничката агенција - ОТА, во предложениот текст.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 13:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**